# Службен гласник

| Број 27 | 23.01.2015 година |
|---|---|

## на Општина Кавадарци

**С О Д Р Ж И Н А**

| | |
|---|---|
| Решение за објавување на Програма за работа на Совет на Општина Кавадарци за 2015 година; | |
| Програма за работа на Совет на Општина Кавадарци за 2015 година; | |
| Решение за објавување на Одлука за делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата во 2015 година на правно лице со Заклучок; | |
| Одлука за делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата во 2015 година на правно лице; | |
| Заклучок по Одлука за делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата во 2015 година на правно лице; | |
| Решение за објавувањеПравилник за начинот и постапката за делегирање на надлежноста на Општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата во 2015 година на правно лице; | |
| Правилник за начинот и постапката за делегирање на надлежноста на Општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата во 2015 година на правно лице; | |
| Решение за објавување Одлука за донесување на изменување и дополнување на Детален урбанистички план за УБ 22К и 23К,Општина Кавадарци плански период 2013-2018; | |
| Одлука за донесување на изменување и дополнување на Детален урбанистички план за УБ 22К и 23К,Општина Кавадарци плански период 2013-2018; | |

| | |
|---|---|
| Решение за објавување Одлука за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за дел од УБ 2К, Урбана единица”Рајко Жинзифов-Домовица” плански период 2014-2019; | |
| Одлука за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за дел од УБ 2К, Урбана единица”Рајко Жинзифов-Домовица” плански период 2014-2019; | |
| Решение за објавување Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на бесправно изградените објекти со намените на земјиштето; | |
| Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на бесправно изградените објекти со намените на земјиштето; | |
| Решение за објавување Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација со која ке се изврши промена на трасата на сообракајната инфраструктура; | |
| Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација со која ке се изврши промена на трасата на сообракајната инфраструктура; | |
| Решение за објавување Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од плански опфат; | |
| Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од плански опфат; | |
| Решение за објавување Одлука за резервирани/обезбедени средства за експропријација во Буџетот на Општина Кавадарци за 2015 година; | |
| Одлука за резервирани/обезбедени средства за експропријација во Буџетот на Општина Кавадарци за 2015 година; | |
| Решение за објавување Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари од Влада на Република Македонија на Општина Кавадарци –ООУ ”Тоде Хаџи Тефов” Кавадарци; | |
| Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари од Влада на Република Македонија на Општина Кавадарци –ООУ ”Тоде Хаџи Тефов” Кавадарци; | |
| Решение за објавување Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари од Влада на Република Македонија на Општина Кавадарци –ООУ ”Страшо Пинџур” Кавадарци; | |
| Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари од Влада на Република Македонија на Општина Кавадарци –ООУ ”Страшо Пинџур” Кавадарци; | |
| Решение за објавување Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари од Влада на Република Македонија на Општина Кавадарци –ООУ ”Тошо Велков -Пепето” Кавадарци; | |
| Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари од Влада на Република Македонија на Општина Кавадарци –ООУ ”Тошо Велков -Пепето” Кавадарци; | |
| Решение за објавување Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари од Влада на Република Македонија на Општина Кавадарци –ООУ ”Димката | |

| | |
|---|---|
| Ангелов Габерот ” Кавадарци; | |
| Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари од Влада на Република Македонија на Општина Кавадарци –ООУ ”Димката Ангелов Габерот ” Кавадарци; | |
| Решение за објавувањеОдлука за одобрување финансиски средства за изградба на Црква”Св.Петка” Кавадарци | |
| Одлука за одобрување финансиски средства за изградба на Црква”Св.Петка” Кавадарци | |
| Решение за објавувањеод Заклучоци по предлок мерките и препораките од Министерството за животна средина и просторно планирање во врска со заштита на амбиенталниот воздух во Општина Кавадарци; | |
| Заклучоци по предлок мерките и препораките од Министерството за животна средина и просторно планирање во врска со заштита на амбиенталниот воздух во Општина Кавадарци; | |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**

**Програмата за работа на Совет на Општина Кавадарци за 2015 година**

**1. СЕ ОБЈАВУВА** Програмата за работа на Совет на Општина Кавадарци за 2015 година, **донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 22.12.2014 година.**

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-262/1** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**23.01.2015 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** — **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа("Сл.гласник на РМ" бр.5/2002) , во врска со член 82 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/2005) и член 116 од Деловникот на Советот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.21/06), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 22.01.2015 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за работа на Советот на Општина Кавадарци**
**за 2015 година**

**ВОВЕД**

Програмата за работа на Советот се базира на надлежностите на Советот пропишани со Уставот на РМ, Законот за локална самоуправа и другите закони кои се однесуваат на функционирањето на локалната самуправа, како и Статутот на Општината и Деловникот за работа на Советот.

Програмата овозможува основни насоки по кои ќе се раководи Советот во своето работење во текот на една календарска година.

Со истата се обезбедува транспарентност, но и простор за нејзино проширување и дополнување од овластени предлагачи и други заинтересирани субјекти и поединци.

**СОДРЖИНА**

**I. Период Јануари – Март**

1. Програма за работа на Советот на Општина Кавадарци за 2015 година

Предлагач: Комисија за изработка на Програма за работа на Совет на Општина Кавадарци .

2. Програма за активностите на Општина Кавадарци во промоција на "Комуникација со јавноста" во 2015 година

Предлагач: Градоначалник на Општина
Изготвувач: Сектор за правни, општи и општествени работи

3. Квартален Извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година - Четврти Кврватал

Предлагач: Градоначалник на Општина
Изготвувач: Сектор за финансии и буџет

4. Информација за состојбата во јавната безбедност и безбедноста на сообракајот на подрачјето на Општина Кавадарци за 2014 година;

Предлагач : МВР-Полициска станица Кавадарци

5. Годишен Извештај за работата на Општина Кавадарци за 2014 година

Предлагач: Градоначалник на Општина
Изготвувач: Сектор за финансии и буџет

6. Годишна сметка на Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година.

Предлагач: Градоначалник на Општина
Изготвувач: Сектор за финансии и буџет

7. Годишни сметки за 2014 година на јавните служби основани од општината

Предлагач: Јавна служба основана од општината
Изготвувач: Јавна служба основана од општината

8. Годишни Програми за работа за 2015 година на јавните служби основани од општината

Предлагач: Јавна служба
Изготвувач: Јавна служба

9. Одлуки за донесување на Детални урбанистички планови

Предлагач: Градоначалник на Општината
Изготвувач: Одделение за урбанизам

10. Советнички прашања

**II.Период Април – Јуни**

11. Квартален Извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Кавадарци за 2015 година - прв квартал

Предлагач:Градоначалник на Општината
Изготвувач: Сектор за финансии и буџет

12.Советнички прашања

III. **Период Јули – Септември**

13. Квартален Извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Кавадарци за 2015 година - втор квартал

Предлагач:Градоначалник на Општина

Изготвувач: Сектор за финансии и буџет

14.Програма за организирање на Туристичката Манифестацијата "Тиквешки Гроздобер 2015 година".

Предлагач:Градоначалникот на Општината

Изготвувач: Сектор за правни, општи и општествени работи

15. Извештаи за работата на јавните претпријатија во првото полугодие од 2015 година.

Изготвувач:Јавни претпријатија

16. Извештаи за работа на Општинските и Средни училишта во Општина Кавадарци во учебната 2014/2015 година

Изготвувачи: Општински и Средни училишта

17. Програми за работа на Општинските и Средни училишта во Општина Кавадарци во учебната 2015/2016 година

Изготвувачи: Општински и Средни училишта

18. Одлука за доделување Награда “7-ми Септември”.

Предлагач:Комисија за празници, манифестации и доделување на награди и признанија

Изготвувач: Сектор за правни, општи и општествени работи

19. Квартален Извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Кавадарци за 2015 година - трет квартал

Предлагач:Градоначалник на Општината

Изготвувач: Сектор за финансии и буџет

20. Советнички прашања

## IV. **Период октомври – декември**

21. Извештај за работата на ЈОУДГ Детска градинка “Рада Поцева” Кавадарци за 2015 година

Предлагач: Детска градинка “Рада Поцева” Кавадарци

Изготвувач: Детска градинка “Рада Поцева” Кавадарци

22. Програма за работа со финансиски план за финансирање на ЈОУДГ Детска градинка “Рада Поцева” Кавадарци за 2015/2016 година.

Предлагач: Детска градинка “Рада Поцева” Кавадарци

Изготвувач: Детска градинка “Рада Поцева” Кавадарци

23. Извештај за реализацијата на Туристичката Манифестација “Тиквешки Гроздобер 2015 година”

24. Програма за одржување на градските улици и локалните патишта на подрачјето на Општина Кавадарци во зимски услови за 2015/2016 година (Зимска служба)

Предлагач: Градоначалникот на Општината
Изготвувач: Сектор за комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина

25.Одлука за измена и дополнување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2015 година.

Предлагач:Градоначалник на Општината
Изготвувач: Сектор за финансии и буџет

26. Одлуки за измена и дополнување на ДУП на општина Кавадарци

Предлагач:Градоначалник на Општината
Изготвувач: Одделение за урбанизам

27. Буџет на Општина Кавадарци за 2016 година

Предлагач:Градоначалник на Општината
Изготвувач: Сектор за финансии и буџет

28.Одлука за извршување на Буџетот за 2016 година.

Предлагач:Градоначалник на Општината
Изготвувач: Сектор за финансии и буџет

29. Буџетски календар за 2017 година

Предлагач:Градоначалник на Општината
Изготвувач: Сектор за финансии и буџет

30.Одлука за благајнички максимум

Предлагач:Градоначалник на Општината
Изготвувач: Сектор за финансии и буџет

31.Програма за работа на Советот на Општина Кавадарци за 2016 година.

Предлагач:Градоначалник на Општината
Комисија за изработување на Програмата за работа
Изготвувач: Сектор за правни, општи и општествени работи

32. Програма за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2016 година;

Предлагач: Градоначалникот на Општината
Изготвувач: Сектор за комунални работи, урбанизам,
сообраќај изаштита на животната средина

33. Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици за 2016 година;

Предлагач:Градоначалникот на Општината
Изготвувач: Сектор за комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина

34.Програма за локален економски развој на Општина Кавадарци за 2016 година

Предлагач :Градоначалник на Општина
Изготвувач : Сектор за локален економски развој

35.Програма за изработка на урбанистички планови за Општина Кавадарци за 2016 година

Предлагач:Градоначалникот на Општината
Изготвувач: Одделение за урбанизам

36.Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата за 2016 година

Предлагач: Градоначалник на Општината
Изготвувач: Сектор за правни, општи и општествени работи

37.Програма за одбележување на значајни настани и личности во 2016 година ;

Предлагач: Градоначалник на Општината
Изготвувач: Сектор за правни, општи и општествени работи

38. Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт во 2016 ;

Предлагач: Комисија за спорт

39. Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на меѓународната соработка на Општина Кавадарци во 2016 година

Предлагач: Градоначалник на Општината и Комисија за меѓународна соработка
Изготвувач: Сектор за локален економски развој

40. Програма за јавна чистота за 2016 година ;

Предлагач:Градоначалникот на Општината
Изготвувач: Сектор за комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина

41.Програма за јавно зеленило за 2016 година;

Предлагач:Градоначалникот на Општината
Изготвувач: Сектор за комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина

42.Програма за Програма за дезинфекција, дезинсекција и дератизација во Општина Кавадарци за 2015 година;

Предлагач:Градоначалникот на Општината
Изготвувач: Сектор за комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина

43.Предлог-Програма за управување со отпад на територијата на Општина Кавадарци за 2015 година;

44. Квартален Извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Кавадарци за 2015 година - четврт квартал

Предлагач:Градоначалник на Општината
Изготвувач: Сектор за финансии и буџет

45. Програма за дочек на Нова Година 2016 година и Божиќните празници.

Предлагач:Градоначалник на Општината
Изготвувач: Сектор за правни, општи и општествени работи.

46. Советнички прашања

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Нормативниот дел од Програмата за работа на Советот на Општина Кавадарци ја регулира нормативната дејност на Советот за 2015 година, односно донесувањето на нормативните акти од негова страна и нивното усогласување со новите прописи што се донесени или ќе бидат донесени во текот на годината.

Програмата за работа на Советот на Општина Кавадарци за 2015 година има отворен карактер, така што сите проблеми и прашања што ќе се појават во текот на годината, а за кои Советот, Градоначалникот и другите органи на Општината ќе оценат дека имаат битно значење за животот и интересите на граѓаните, ќе бидат инкорпорирани во Програмата.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Кавадарци".

**Бр.08 – 130/1**
**22.01.2015 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р Горица Пеливанова - Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**

**Одлуката за делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата во 2015 година на правно лице со Заклучок**

**1. СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата во 2015 година на правно лице со Заклучок, **донесени на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 22.01.2015 година.**

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-262/2**
**23.01.2015 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 7 од Законот за култура („Сл.весник на РМ„ бр.31/08, 49/03, 82/05, 24/07 ,116/10, 47/11,51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14), член 22 став 1, точка 5 и член 24 став 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), а согласно член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 22.01.2015 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на општина Кавадарци во областа на културата за 2015 година**
**на правно лице**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на општина Кавадарци врши делегирање на надлежноста на општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации на правно лице (во понатамошен текст: вршител на делегирана надлежност)

**Член 2**

Се делегираат надлежностите за организирање и реализација на културните манифестации , предвидени во Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата за 2015 година.

**Член 3**

Врз основа на оваа Одлука Советот на општина Кавадарци ќе донесе Правилник за начинот и постапката за делегирање и извршување на надлежностите за организирање и реализирање на културните манифестации на вршителот на делегираната надлежност.

**Член 4**

Општина Кавадарци ќе склучи посебен Договор со вршителот на делегираната надлежност за начинот и условите за вршење на надлежностите за тековната година, со можност Договорот да се продолжи и за следните години, доколку за реализирање на манифестациите има предвидени средства во програмите за активностите на општина Кавадарци во областа на културата за соодветната година.

**Член 5**

За својата работа вршителот на делегираната надлежност поднесува наративен извештај за секој поединечен настан до Градоначалникот и Советот на општина Кавадарци во рок од 30 дена после одржувањето на настанот.

Сите активности за вршење на делегираната надлежност вршителот ќе ги спроведува во координација со Комисијата за култура и Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделување награди и признанија при Совет на Општина Кавадарци.

Договорот со вршителот на делегираната надлежност претстанува ако Советот на Општина Кавадарци не го усвои наративниот и финансиски извештај од став 1 на овој член.

**Член 6**

Надлежностите од член 2 на оваа Одлука ќе се финансираат од Буџетот на Општина Кавадарци , како и од донации и спонзорства.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави „Службен гласник на Општина Кавадарци„

**Бр.08 – 130/2** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**22.01.2015 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **М-р Горица Пеливанова - Вилхелм**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа(“Сл.весник на РМ”бр.5/02), и член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05), расправајки по Одлуката за делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата во 2015 година на здружение на граѓани, Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 22.01.2015 година , го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

1. Доколку на јавниот конкурс за избор на правно лице кое ке ги организира и реализира културните манифестации по Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата за 2015 година, не се изврши избор или не се пријави никој , во тој случај организатор на манифестацијата Св"Трифун"ке биде ЈОУ Дом на култура "Иван Мазов-Климе" Кавадарци.

2. Заклучокот влегува во со денот на донесување , а ке се објави во "Сл.Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08 – 130/2** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**22.01.2015 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **М-р Горица Пеливанова - Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**

**Правилник за начинот и постапката за делегирање на надлежноста на Општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата во 2015 година на правно лице**

**1. СЕ ОБЈАВУВА** Правилник за начинот и постапката за делегирање на надлежноста на Општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата во 2015 година на правно лице , **донесен на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 22.01.2015 година.**

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-262/3** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**23.01.2015 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 7 од Законот за култура („Сл.весник на РМ„ бр.31/08, 49/03, 82/05, 24/07 , 116/10, 47/11,51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14), член 22 став 1, точка 5 и член 24 став 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), а согласно член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 22.01.2015 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**

**За начинот и постапката за делегирање на надлежноста на Општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активности на Општина Кавадарци во областа на културата за 2015 година на правно лице**

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишува начинот и постапката за делегирање на надлежностите од областа на културата на правно лице.

**Член 2**

Делегирањето надлежности на правно лице за вршење на работи од областа на културата за организирање и реализирање по програмата за активности на Општина Кавадарци во областа на културата за 2015 година, се врши преку објавување на јавен Конкурс.

**Член 3**

Со пријавата заинтересираниот правен субјект покрај наведените документи од јавниот конкурс приложува и податоци за:

1. Решение за упис во Централен Регистар;
2. Полн назив и адреса на субјектите кои ќе се вклучат во текот на реализирање на активностите од делегираната надлежност;
3. Детален опис на активностите, носители и рокови за реализирање на делегираните надлежности – програма за начин и постапка за вршење на делегираната надлежност;
4. Финансиска структура на активностите;
5. Име, презиме и матичен број на лицата ангажирани во реализирање на делегираните надлежности, нивна квалификациона структура и професионално искуство;
6. Име, презиме и контакт телефон на одговорното лице за реализација на делегираните надлежности.

**Член 4**

Градоначалникот распишува конкурс и формира три члена Комисија која ги разгледува пријавите по распишаниот конкурс .

**Член 5**

Пријавите од член 3 на овој Правилник, се разгледуваат од страна на Комисијата.

Комисијата при разгледување на пријавите по јавниот конкурс за исполнување на условите за одреден вид работа од областа на културата утврдена со закон, врши бодирање и тоа:

- Соодветност на предлогот со барањата од јавниот конкурс до 20 бода
- Капацитет на предлагачот, искуство во реализација на проекти од областа на културата, соодветност на лицата кои ќе учествуваат во реализирање на надлежностите по однос на образование и искуство во областа на културата , поставеност на систем на контрола на квалитетот и работењето до 40 бода.
- План и програма за организирање и реализирање на манифестациите до 40 бода.

**Член 6**

Разгледувањето на пријавите и утврдувањето на фактичката состојба Комисијата го врши врз основа на непосредно извршено интервју со застапникот по закон на правното лице.

**Член 7**

Комисијата врз основа на извршените бодирања разгледувањето на пријавите од член 6 и извршеното интервју со застапникот по закон на правното лице , изготвува мислење со предлог за најповолен Понудувач од пријавените правни лица и го доставува до Градоначалникот.

**Член 8**

Договорот за меѓусебните права, обврски и одговорности за реализација на делегираните надлежности што се склучува помеѓу општина Кавадарци и правното лице, согласно Одлуката за делегирање на надлежностите од областа на културата содржи:

1. Краток опис на делегираните надлежности
2. Времетраењето и датум на влегување во сила на договорот
3. Обврски на договорените страни
4. Начин на реализирање на делегираните надлежности и редовно доставување на извештаи;
5. Осигурување и одговорност за направена штета;
6. Висината на средствата од буџетот на Општина Кавадарци што ќе се исплати на правното лице за реализирање на делегираната надлежност;
7. Начинот на исплаќање на средствата;
8. Трошоци што нема да бидат исплатени;
9. Ревизија и мониторинг;
10. Раскинување на договорот;
11. Завршни одредби.

**Член 9**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08 – 130/3**
**22.01.2015 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р Горица Пеливанова - Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**

**Одлука за донесување на изменување и дополнување на Детален урбанистички план за УБ 22К и 23К,Општина Кавадарци плански период 2013-2018**

**1. СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за донесување на изменување и дополнување на Детален урбанистички план за УБ 22К и 23К,Општина Кавадарци плански период 2013-2018, **донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 22.01.2015 година.**

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

| | |
|---|---|
| **Бр.09-262/4** | **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **23.01.2015 година** | **ГРАДОНАЧАЛНИК** |
| **К а в а д а р ц и** | **Дипл.прав.Александар Панов** |

Врз основа на член 22 став 1 и член 24 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на РМ” 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11 , 163/13, 42/14), а во врска со член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 22.01. 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување**
**на Изменување и Дополнување на Детален Урбанистички План за УБ 22К и 23К- Општина Кавадарци,плански период 2013-2018**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци донесува изменување и дополнување на Детален Урбанистички План за УБ 22К и 23К-Општина Кавадарци,плански период 2013-2018.

Документацијата за донесување изменување и дополнување на Детален Урбанистички План за УБ 22К и 23К-Општина Кавадарци,плански период 2013-2018 е изработена во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на РМ” бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 163/13 и 42/14), Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (“Службен весник на РМ” бр. 78/06, 140/07; 12/09; 93/09, 142/10, 64/11,

98/11, 169/11) и Правилник за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови ("Службен весник" бр.78/06).

**Член 2**

Просторот за кој се донесува изменување и дополнување на Детален Урбанистички План за УБ 22К и 23К-Општина Кавадарци,плански период 2013-2018, е со вкупна површина од 3,3 ха.

**Член 3**

Составен дел на оваа одлука е:

- Текстуален дел и графички приказ на планските решенија, како и нумерички дел со билансни показатели за планираните површини и градби за донесување изменување и дополнување на Детален Урбанистички План за УБ 22К и 23К-Општина Кавадарци,плански период 2013-2018.

Согласност од Министерството за транспорт и врски бр.14-17159/2 од 09.12.2014 година.

**Член 4**

Одлуката за донесување на изменување и дополнување на Детален Урбанистички План за УБ 22К и 23К - Општина Кавадарци,плански период 2013-2018ја потпишува и заверува Претседателот на Советот на Општина Кавадарци во 7 ( седум) примероци од кои еден примерок се чува во архивата на Општината, еден во Секторот за комунално уредување, урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина при општина Кавадарци, еден во Државниот архив на РМ подрачно одделение Велес, еден во Министерството за транспорт и врски, еден во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам – Скопје, еден во Државниот завод за геодетски работи ПЕ Кавадарци и еден примерок се изложува во просториите на Општина Кавадарци за достапност на јавноста.

**Член 5**

Оваа Одлука ја спроведува Секторот за комунално уредување, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Кавадарци.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08 – 130/4**
**22.01.2015 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р Горица Пеливанова - Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**

**Одлука за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за дел од УБ 2К, Урбана единица"Рајко Жинзифов-Домовица" плански период 2014-2019**

**1. СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за дел од УБ 2К, Урбана единица"Рајко Жинзифов-Домовица" плански период 2014-2019, **донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 22.01.2015 година.**

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-262/5**
**23.01.2015 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 22 став 1 и член 24 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" 51/05, 137/07,91/09,124/10, 18/11,53/11, 144/12, 55/13, 163/13, 42/14), а во врска со член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 82 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 22.01.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на Нацрт Детален Урбанистички План за дел од УБ 2К,Урбана единица "Рајко Жинзифов-Домовица",плански период 2014-2019 Општина Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци утврдува Нацрт Детален Урбанистички План за дел од УБ 2К,Урбана единица "Рајко Жинзифов-Домовица",плански период 2014-2019 Општина Кавадарци, со плански опфат:

- Од север – граница помеѓу две намени и граница на ГУП Кавадарци, односно КП 5349/1 и КП 5349/2 ,КО Кавадарци;
- Од исток – станбена улица планирана со ДУП Урбана единица"Рајко Жинзифов-Домовица" општина Кавадарци, односно низ КП 5348, КП 5350/2 , 5581/1,КО Кавадарци;
- Од југисток – станбена улица планирана со ДУП Урбана единица"Рајко Жинзифов-Домовица",Општина Кавадарци односно низ КП 5581/1,КП 5582,5583,КП 5589/4,КП 5588/3,КО Кавадарци;

- Од југозапад станбена улица планирана со ДУП Урбана единица “Рајко Жинзифов-Домовица” општина Кавадарци односно низ КП 5588/3,КП 5588/2,5588/1,КО Кавадарци,
- На запад-станбена улица планирана со ДУП Урбана единица “Рајко Жинзифов-Домовица” општина Кавадарци,односно КП 5588/1,КП5589/1,КП 5583,КП5332 и КП 5320,КО Кавадарци,на според техничка документација бр.03-06/2014 од изработена од Друштво за трговија на мало и проектирање АРХИКОНС Јован ДООЕЛ Кавадарци.

**Член 2**

Составен дел на Одлуката за утврдување Нацрт Детален Урбанистички План за дел од УБ 2К,Урбана единица “Рајко Жинзифов-Домовица”,плански период 2014-2019 Општина Кавадарци се :

- текстуален дел со билансни показатели и основни параметри за уредување на просторот
- синтезен графички приказ на планските решенија со тех.бр. 03-06/2014.

**Член 3**

По утврдувањето на Одлуката Нацрт Детален Урбанистички План за дел од УБ 2К,Урбана единица “Рајко Жинзифов-Домовица”,плански период 2014-2019 Општина Кавадарци, Градоначалникот на Општина Кавадарци организира јавна презентација и јавна анкета.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ке се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08 – 130/5** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**22.01.2015 година** — **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** — **М-р Горица Пеливанова - Вилхелм**

